Republic of North Macedonia
Ministry of
Local Self Government

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

ПОКАНА

ЗА УЧЕСТВО НА ФОРУМ

Ги покануваме жителите на Општина Ново село да учествуваат на **проектен форум** кој се реализира во рамки на проектот „Зајакнување на општинските совети - 2“ кој е финансиран од Швајцарска агенција за развој и соработка (SDC), а спроведуван од УНДП (UNDP) и Општина Ново село.

На форумските сесии присутните преку своето учество даваа предлози и учествуваа во подготовка на проекти и ги гласаа по приоритет за нивна реализација од проектниот фонд.

На петтата форумска сесија учесниците на форумот ќе имаат можност да се запознаат со постигнатите резултати и реализацијата на избраниот проект како и останатите проекти и препораките од форумот кои тие ги избраа за најприоритетни за реализација од проектниот фонд обезбеден од страна на Швајцарска агенција за развој и соработка (SDC) – Швајцарска амбасада и општина Ново село.

Петтата форумска сесија ќе се одржи на ден 26 Јануари 2024 година (Петок) со почеток во 12:00 часот во Општинската сала, во Општина Ново село.

Присуството на жителите, здруженијата на граѓани и претставниците на институциите, како и нивното активно учество на сесиите ќе даде голем придонес и ќе биде од особено значење за успешно спроведување на проектниот форум и изборот на проект/и, предложени и подржани од жителите на општина Ново село.

Општина Ново село

Градоначалник Ѓорге Божинов

ГРАЃАНИТЕ НА ПРВО МЕСТО!
QYTETARËT NË VEND TË PARË!
CITIZENS COME FIRST!

www.opstinskisoveti.mk

EMPOWERING MUNICIPAL COUNCILS